

Министерот за одбрана Зоран Коњановски и претставници на изралексата компанија „Елбит“ и на воздухопловниот ВИНГ на АРМ денеска на воениот аеродром Петровец крај Скопје, свечено ќе го промовираат проектот „Центар за обука на пилоти”.

На промоцијата, како што информира Министерството за одбрана, ќе бидат претставени фазите и развојната динамика на проектот.

Договорот за отворање Центарот за обука на пилоти, Министерството за одбрана на Македонија и израелската компанија „Елбит“, го потпишаа во декември лани по двегодишни детални анализи на воздухопловниот ВИНГ и на потребите на АРМ.

Во Центарот ќе се едуцираат пилоти за потребите на министерствата за одбрана и за внатрешни работи, како и на други државни институции. Ова ќе биде прв ваков Центар во земјите од Југоисточна Европа, а се очекува придобивките да бидат видливи за неколку години, за кое време се планира да прерасне и во Регионален центар.

Министерството за одбрана односно Република Македонија со 5,3 милиони евра годишно во наредните осум години влегува во проектот за обука на пилотите, додека другиот дел, кој согласно договорот, е класифициран како „државна тајна“ ќе го покрива израелскиот „Елбит“. Во договорот е прецизирано дека по истекувањето на предвидените партнерски осум години целокупната опрема и техника се префрла како имот на МО односно на Република Македонија.

Очекувањата се веќе идната година да почне обуката на првата генерација пилоти во

Центарот, а во почетокот обуката ќе ја вршат инструктори од „Елбит“ за понатаму таа улога да ја преземаат македонски кадри - обучувачи.